ACJO
Академија за судии и јавни обвинители

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна установа Академија за судии и јавни обвинители
Institucioni publik Akademija për gjykatës dhe prokuror publik
ПАВЕЛ ШАТЕВ-PAVELL SHATEV
Бр.-Nr. 02-118/7
18.03. 2026 год.-viti
Скопје-Shkup

AGJPP
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik



# ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ЗА 2026 ГОДИНА

КРАТКА СОДРЖИНА

ПОРАКА ОД ДИРЕКТОРОТ НА АКАДЕМИЈАТА ..... 3

СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ, ИНДИКАТОРИ И ..... 4

ВРЕМЕНСКА РАМКА ..... 4

РАЗВОЈ НА НОРМАТИВНАТА РАМКА ..... 5

ОРГАНИ НА АКАДЕМИЈАТА ..... 5

ПОЧЕТНА ОБУКА: ПРЕДИЗВИЦИ ЗА 2026 ГОДИНА ..... 6

2026: НОВИНИ И ПРЕДИЗВИЦИ ВО КОНТИНУИРАНАТА ОБУКА ..... 7

2026: ДОМАШНА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ..... 8

ДОМАШНА СОРАБОТКА ..... 8

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ..... 10

*Проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“* ..... 10

*Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ).* ..... 12

*Регионалниот проект „SEE Meditation - Зајакнати системи за медијација во Југоисточна Европа“* ..... 12

*Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор (ДКАФ)* ..... 12

МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА И ДОГОВОРЕНИ АКТИВНОСТИ ..... 12

БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ ..... 13

# ПОРАКА ОД ДИРЕКТОРОТ НА АКАДЕМИЈАТА

Академијата за судии и јавни обвинители и во 2026 година продолжува цврсто да чекори кон зајакнување на професионалната правосудна обука како столб на независно, транспарентно и ефикасно судство. Нашата визија останува посветена на создавање генерации судии и јавни обвинители изградени врз принципите на владеење на правото и длабоко познавање на правото на Европската Унија како клучни сегменти во реформскиот процес и интеграцијата на Република Северна Македонија во европското семејство.

Во годината што следува, Академијата ќе продолжи да гради силни партнерства, современи програми, инклузивни стандарди и професионален кадар подготвен за предизвиците на современото правосудство.

Верувам дека сме исправени пред уште една година полна со предизвици, но истовремено сум уверена дека со капацитетите и посветеноста што ги поседува Академијата ќе успееме да одговориме на нив со професионализам и посветеност. Заедно ќе продолжиме да придонесуваме кон создавање правосуден систем достоен за довербата на граѓаните и европската индина кон која се стремиме.

**Директор на Академијата за судии и јавни обвинители**
**Ирина Трајкоска Стрезоски**

# СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ, ИНДИКАТОРИ И ВРЕМЕНСКА РАМКА

Успешноста на Академијата се мери преку нејзината активна улога во правосудниот систем и континуираните позитивни оценки од Европската комисија во извештаите за напредокот на државата.

Мисијата на Академијата е да биде клучна институција за градење и одржување на независно, стручно, непристрасно и ефикасно судство и јавно обвинителство, што е основа за владеење на правото, заштита на човековите права и градење на довербата на јавноста во правосудниот систем на Република Северна Македонија. За да ја оствари својата визија, Академијата изготви Стратегија за периодот 2026-2030 година, со која беа дефинирани следниве стратешки цели:

- **МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ПРИЕМНИОТ ПРОЦЕС**
- **ПОДИГНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА КОНТИНУИРАНАТА ОБУКА**
- **ИНСТИТУЦИОНАЛЕН И КАДРОВСКИ РАЗВОЈ**
- **ЗАЈАКНУВАЊЕ НА НЕЗАВИСНОСТА, ТРАНСПАРЕНТНОСТА, СОРАБОТКАТА И ФИНАНСИСКАТА СТАБИЛНОСТ**
- **РАЗВОЈ НА АНАЛИТИЧКО-ИСТРАЖУВАЧКАТА И ИЗДАВАЧКАТА ДЕЈНОСТ и**
- **ИНТЕГРАЦИЈА НА ТЕХНОЛОГИЈАТА И ДИГИТАЛНАТА ТРАНСФОРМАЦИЈА.**

При изработката на Стратегијата, Академијата водеше сметка за усогласување со националните и ЕУ-агендите за реформа на правосудството преточени во Националната развојна стратегија на Република Северна Македонија, Иструментот за реформи и раст за Западен Балкан – Реформска агенда на Северна Македонија 2024-2027 година, Европската стратегија за правосудна обука 2025-2030, политиките содржани во усвоените секторски стратегии како Стратегијата за развој на правосудниот систем 2024-2028, Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА), но и за релевантноста на судската обука во контекст на извештаите на Европската комисија за владеење на правото.

Во насока на остварување на стратешките цели и усогласување со Европската правосудна стратегија, Академијата ќе се фокусира на дигитализацијата и примената на вештачката интелегенција, со цел подобрување на ефикасноста, квалитетот и пристапот до правдата. Ќе се спроведат обуки за сите правосудни професионалци за унапредување на дигиталните и ИТ-вештините, прилагодени на нивните улоги. Ќе се вклучи и учество на професионалци од европските мрежи кои идентификуваат и промовираат успешни практики во воведувањето ИТ-алатки.

Предвидено е и постепено воведување рамка за сертификација за дигитални вештини согласно со специфичностите на професиите. ЕУ ќе продолжи да ја поддржува реализацијата на овие обуки, кои се неопходни за земјите кандидати да изградат независно и некорумпирано судство со ефикасни системи за дигитална

правда. Покрај дигитализацијата и вештачката интелигенција, Академијата ќе спроведува и обуки за владеење на правото, човековите права и judgecraft, клучни за нивната примена во секојдневната практика и за адресирање на реалните предизвици преку потребно ориентирани програми.

## РАЗВОЈ НА НОРМАТИВНАТА РАМКА

Во 2025 година беше изработен нацрт-предлог на Законот за Академија за судии и јавни обвинители и истиот беше објавен на Електронскиот национален регистар на прописи (ЕНЕР). Предлог-законот предвидува: појасна распределба на надлежностите помеѓу органите на Академијата, како и воведување членови по функција (ex officio) во Управниот одбор, со цел зајакнување на управувањето, отчетноста и институционалната координација; унапредување на улогата на Програмскиот совет во креирањето и спроведувањето на програмите за почетна и континуирана обука; реформа на приемниот испит со фокус на објективно оценување на правното знаење и познавањето на странските јазици, укинување на психолошкото тестирање и проверката на интегритет; воведување годишен прием на слушатели врз основа на кадровските проекции на Судскиот совет и Совет на јавните обвинители, со јасно определување на апелационото подрачје и функцијата (судија или јавен обвинител), за која кандидатот конкурира како и дополнително зајакнување на континуираната обука преку редовни, структурирани и квалитетни програми за професионален развој во текот на целата кариера.

## ОРГАНИ НА АКАДЕМИЈАТА

Во 2026 година, Академијата ќе продолжи да функционира преку своите органи, кои ќе обезбедуваат ефективно планирање, стратешко насочување и професионално управување со институцијата. Управниот одбор, како орган кој носи одлуки од суштинско значење и ја следи реализацијата на програмските активности, ќе продолжи да работи согласно со законски утврдените надлежности и активно ќе го поддржува остварувањето на мисијата и стратешките цели на Академијата. Воедно, Програмскиот совет како стручно тело задолжено за планирање, креирање и следење на програмите за почетна и континуирана обука ќе остане посветен на примената на современи образовни методологии и европски стандарди, обезбедувајќи континуиран развој и унапредување на капацитетите на Академијата. Паралелно со нив, директорот на Академијата ќе продолжи да го обезбедува професионалното функционирање на институцијата, да ја развива меѓународната соработка и доследно да ја спроведува визијата и мисијата на Академијата. Преку активно учество во

работни групи и стручни тела, директорот ќе даде значаен придонес кон зајакнување на правосудниот систем заснован на владеењето на правото. Во текот на 2026, овие три клучни органи ќе работат синхронизирано на исполнување на стратешките цели насочени кон создавање квалитетна, модерна и интегрирана правосудна обука во служба на правната држава. Заменик-директорот на Академијата ќе продолжи да работи на афирмација и промоција на Академијата, на домашна и интернационална сцена преку учество на настани кои се од важност за Академијата. Воедно, ќе продолжи да обезбедува поддршка, да учествува со свои идеи и предлози во носењето и развивањето на важни акти за работата на Академијата.

## ПОЧЕТНА ОБУКА: ПРЕДИЗВИЦИ ЗА 2026 ГОДИНА

По донесувањето на Одлуката на Управниот одбор во декември 2025 година за поништување на приемот на 130 слушатели во почетната обука на Академијата, Академијата останува цврсто определена кон унапредувањето на квалитетот на почетната обука, во согласност со реформските приоритети уврдени со Акцискиот план на Владата за спроведување на Развојната секторска стратегија за правосудството 2024-2028 година, кои предвидуваат подобрување на методологијата на обука, зајакнат систем на следење и евалуација на резултатите, како и воспоставување повисоки критериуми за проверка на знаењата.

Воедно, во тек е подготвка на нов Закон за Академијата за судии и јавни обвинители чие усвојување се очекува во првата половина на 2026 година. Новата законска рамка ќе наметне спроведување на приемен испит кој ќе рефлектира високи стручни и етички стандарди и ќе обезбеди примена на пообјективни и построги критериуми за селекција, со што пристапот до професиите судија и јавен обвинител ќе подразбира избор на кандидати со докажани знаења, интегритет и капацитети за одговор на современите предизвици во правосудството. Во таа насока, Академијата ќе пристапи кон сеопфатна адаптација и унапредување на своите акти и подзаконски прописи, сè со цел обезбедување поквалитетна и транспарентна селекција и обука. Очекуваните резултати од овие процеси се насочени кон дополнително зајакнување на ефикасноста, независноста и професионалноста на правосудниот систем, вклучително и преку овозможување на навремено пополнување на испразнетите судски и јавнообвинителски места во иднина.

# 2026: НОВИНИ И ПРЕДИЗВИЦИ ВО КОНТИНУИРАНАТА ОБУКА

Во рамки на годишната програма за работата на Академијата, континуираната обука претставува еден од клучните сегменти насочени кон систематско и планско унапредување на стручните знаења и вештини на судиите, јавните обвинители, стручните соработници и севкупната правосудна администрација за чија обука е надлежна оваа институција. Овој сегмент е конципиран во согласност со актуелните законски измени, европски стандарди и современи предизвици во правосудството, со цел обезбедување ефикасен, стручен и адаптибилен систем кој соодветно одговара на динамичните правни и општествени промени.

Во 2026 година, програмата за континуирана обука ќе биде фокусирана на:

- Новите трендови во европското и меѓународното право;
- Специјализираните програми за борба против корупција и организиран криминал;
- Обуки за дигитална судска практика и управување со предметите;
- Теми од областа на човековите права и практиката на Европскиот суд за човекови права;
- Простор ќе биде даден и на постапувањето на Судот на правдата во Луксембруг.

Со донесувањето на измените во ЗБПП и воспоставувањето на системот Безбеден град (Сејф Сити), правните професионалци ќе бидат исправени пред нови предизвици, поради што Академијата во Каталогот за обуки за 2026 година предвиде обуки и на оваа тема. Целта е создавање правосудство кое брзо се адаптира на современите правни, технолошки и општествени промени.

Во 2026 година, Академијата ќе преземе мерки за модернизација на методите за обука со кои ќе се прилагоди на потребите за обуки на судиите и јавните обвинители и тоа преку:

- **Комбинирано учење**, кое овозможува претходно учење преку онлајн модули, по што следуваат интерактивни сесии со присуство насочени кон практична примена и дискусии. Ова не само што ја максимизира ефикасноста на просторот, туку и ги подобрува резултатите од учењето, прилагодувајќи се на различните стилови на учење и
- **Хибридна обука**, која интегрира виртуелни сесии во живо со сесии со физичко присуство, овозможувајќи им на учесниците да се приклучат онлајн, додека други присуствуваат лично. Овој пристап овозможува Академијата да прими поголем број учесници без пренатрупување на просториите за обука. На овој начин се минимизираат географските и логистичките бариери, што ја прави обуката достапна за поширок спектар на учесници, вклучително и за оние од региони каде патувањето е тешко или одзема многу време.

Академијата согласно со своите надлежности ќе продолжи и со континуирана обука на судските и јавнообвинителските службеници, во согласност со веќе усвоената рамковна програма и усвоениот Годишен каталог за обука за овие целни групи, изработен во тесна соработка со Здружението на судска администрација, Судско-буџетскиот совет и Советот на судската служба. Истовремено, ќе продолжи и реализацијата на специјализираната програма за едукација на судиите-поротници со посебен фокус на теми кои се од значење за нивното ефикасно учество во делењето на правдата во Република Северна Македонија, што е уште една законска обврска за Академијата.

# 2026: ДОМАШНА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Академијата во 2026 година ќе продолжи да гради силни партнерства со меѓународни институции, обучувачи, донаторски организации и европски правосудни академии, бидејќи поддршката која се обезбедува во рамки на меѓународната соработка е посебно значајна за работата на Академијата. Истовремено, Академијата ќе се фокусира и на одржување на успешно воспоставените соработки со националните институции. Преку овие партнерства се обезбедува размена на експертиза, ревитализација на методите на работа и пристап до современи образовни модели и програми.

## ДОМАШНА СОРАБОТКА

Академијата ќе ја продолжи и ќе ја унапреди соработката со сите институции со кои непосредно соработува, особено со Врховниот суд на РСМ, Јавното обвинителство на РСМ, Судскиот совет на РМ, Советот на јавните обвинители на РСМ и Министерството за правда, Здружението на судиите и Здружението на јавните обвинители, НВО и цивилното општество. Од особена важност ќе биде и унапредувањето на соработката со Вишиот управен суд, Управниот суд, како и со апелациските судови и вишите јавни обвинителства, во насока на успешна реализација на децентрализираната обука и спроведување тркалезни маси за унапредување на усогласувањето и воедначувањето на судско-обвинителската практика.

Ќе се развиваат и ќе се унапредуваат специјализираните програми за обука на судовите од повисоките инстанци - тркалезни маси за апелациските судови и Врховниот суд, вишите јавни обвинителства, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства, Вишиот управен суд, Управниот суд, Судскиот совет и Советот на јавните обвинители, како и на Судско-буџетскиот совет. Особено е важно што во 2026

година Академијата воспостави соработка и со Уставниот суд во чии рамки се предвидени обуки за советниците и судовите на Уставниот суд. Секако, судиите на Уставниот суд ќе имаат можност и во улога на обучувачи да ги споделат своите искуства и знаења од областа во која професионално делуваат.

Преку организирање заеднички и мултидисциплинарни обуки, со учество на предавачи и учесници од соодветни профили, ќе продолжи соработката со Адвокатската комора на РСМ, Нотарската комора, Комората на извршители, Комората на медијаторите и другите институции и професионални организации со кои судиите и обвинителите остваруваат соработка на планот на спроведување на одделните закони.

Како позначајна се издвојува соработката со ***Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА)*** со кој во претстојната 2026 година ќе се организираат обуки на темите кои се од значење за унапредување на животната средина и практиката на Европскиот суд за човекови права. Исто така, во рамки на оваа соработка ќе биде спроведено и менторство во правосудството и младинските ангажирања за родова еднаквост.

Во рамките на проектот „Застапување за правна помош, изнаоѓање решенија и претставување на лицата кои се од интерес на УНХЦР и застапување и помош за ставање крај на бездржавјанството", имплементиран *од* ***Македонското здружение на млади правници,*** со поддршка од УНХЦР, во 2026 година предвидено е да се одржи обука, по посебен модул за бегалско право кој е креиран во соработка со Меѓународниот институт за хуманитарно право – Сан Ремо, сè со цел обезбедување на континуитет во градење капацитети на релевантните страни на темата бегалско право. Модулот ќе се реализира низ неколку тематски единици што го опфаќаат поимот бегалец, меѓународна правна рамка, правата и обврските на бегалците како и други поединости предвидени со Конвенцијата за статусот на бегалците на ОН од 1951 година.

Во јуни 2025 година Академијата за судии и јавни обвинители и ***Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен*** склучија меморандум за соработка, потврдувајќи ја заедничката заложба да дадат свој придонес во зајакнување на капацитетите на судството преку развивање меѓусебна соработка во полето на обуките. Во рамките на оваа соработка беше организирана една обука наменета за судии од Виш управен и Управен суд во 2025 година, а во тековната 2026 година е предвидена реализација на дополнителни едукативни настани кои ќе спроведуваат согласно со договорената соработка помеѓу двете институции.

Истовремено, Академијата ќе работи на реализација на обврските од склучените меморандуми со голем број домашни институции, со цел промовирање на улогата и дејноста на Академијата за судии и јавни обвиители со која се издвојува и зазема централна улога во правосудниот систем на нашата држава.

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Академијата особено внимание ќе посвети на развој и унапредување на соработката со другите правосудни академии и школи, во сите сегменти од заеднички интерес, а особено преку размена на законски и подзаконски акти, размена на учесници, предавачи, ментори, испраќање судии и јавни обвинители на студиски посети, особено обезбедување можност за подолготрајни престои во Европскиот суд за човекови права.

Во претстојниот период ќе се продлабочува соработката со меѓународните проекти, а особено значајна ќе биде соработката со следните главни проекти:

## *Проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“*

Во 2026 година продолжуваат да работат на спроведувањето на активностите од компонентата со која е опфатена Академијата за судии и јавни обвинители. Имено, во рамки на овој проект, а во соработка со ИТ-експерти ќе биде активиран системот E-learning на Академијата, при што ќе бидат креирани и модули за обука.

***Мисијата на ОБСЕ во Скопје*** ќе ја продолжат соработката во областа на еколошката правда, родово базираното насилство и унапредувањето на соработката помеѓу институциите, преку организирање едукативни настани низ кои учесниците ќе ги унапредат своите вештини и ќе стекнат нови знаења. Имено, во рамки на договорените активности за 2026 година предвидено е да се реализираат следните едукативни настани: Работилница на тема *Финансиски криминал*; обуки за *Пристап фокусиран на жртвата*; национална и меѓународна легислатива за родово базирано насилство и домашно насилство, вклучувајќи и демнење и сексуално насилство; Форум за дискусија на тема поврзана со кривични дела од животната средина; обука за *Јакнење на капацитетите на јавното обвинителство за кривични дела од животната средина*; Билатерална вежба за меѓусебна правна помош во случаи на финансиски криминал помеѓу Северна Македонија и Грција; Напредна обука за комплексен финансиски криминал и електронски докази; Регионална работилница за промоција и дистрибуција на Прирачникот за компјутерски криминал и справување со дигиталните докази; Еднодневна работилница за внатрешна институционална координација помеѓу полицијата, Јавното обвинителство и судовите во постапувањето со случии на говор на омраза; Тркалезна маса за судска етика и одбележување на денот на правосудството, настан кој ќе биде организиран во соработка со Здружението на јавните обивнители; Зајакнување на капацитетите за односи со јавноста на судството и Јавното обвинителство (Две дводневни обуки: една за судии и членови на Судски совет и една за јавни обвинители и членови на Советот на јавни обвинители) и Промоција на истражувања за квалитетот на пресудите со

фокус на казнената политика и образложението. Исто така, во 2026 година ќе бидат спроведени и обуки за еколошка правда во чија реализација ќе биде вклучена и Правосудната академија на Србија. Академијата и Мисијата на ОБСЕ остануваат партнери чии напори се фокусираат на унапредување на правосудниот систем и вештините на судиите и јавните обвинители на актуелни теми од правната област.

***Меѓународната организација за миграција (ИОМ)*** по подолг период ја активира својата соработка која ќе се одвива низ организирање обуки посветени на трговијата со луѓе, со посебен акцент на испитувањето на жртвите и на сексуалните и присилните бракови. Во втората половина на 2026 година, на оваа тема ќе бидат организирани и обуки за обучувачи со што Академијата ќе го зголеми бројот на специјализирани предавачи од оваа област кои ќе бидат ангажирани за понатамошно успешно спроведување на активностите од оваа област.

***Амбасадата на Република Франција во Република Северна Македонија*** во 2026 година ќе ја продолжи соработката во организирање обуки, посветени на трговијата со луѓе, во чија реализација е вклучено и Министерството за внатрешни работи. Воедно, во рамки на успешно воспоставената соработка помеѓу Република Северна Македонија и Франција, Академијата и „Експертиз Франс", која е меѓународна агенција за развојна соработка, а која работи под покровителство на Француската влада, во 2026 година, ќе спроведат обуки од областа на еколошката правда, како тема, кој станува сè поактуелна во последно време, но исто така и глобален предизвик.

***УНИЦЕФ*** со цел подигнување на свеста за правата на децата, во 2026 година ќе продолжи со спроведување на едукативни настани, кои ќе се фокусираат на децата и клучните сегменти од Законот за права на децата, кои директно ги засегаат токму нив.

***УНДОЦ*** во рамки на проектот „Јустиција" ќе продолжи со спроведување на обуки посветени на темата „Борба против оружјето". Целта на овие проектни активности е преку теоретски и практични сесии, учесниците да ги разгледаат меѓународните стандарди за контрола на огненото оружје, вклучително и релеванти конвенции и протоколи за огнено оружје, како и други релевантни инструменти.

***Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ)*** ќе продолжи со активностите во областа на трговијата со луѓе, чија реализација беше иницирана во 2025 година. Имено, во центарот на оваа соработка, но и на самите настани ќе бидат децата, поточно, процесот на испитување на децата во собата за испитување која се наоѓа во ОЈО за ГОК.

***Регионалниот проект „SEE Meditation - Зајакнати системи за медијација во Југоисточна Европа“*** кој се спроведува од страна на CSSP Berlin Center for Integrative Mediation (CSSP) ќе започне со спроведување на обуки од областа на медијацијата. Со овие обуки ќе се подобри пристапот до правдата, ќе се зголеми ефикасноста на судството, но исто така ќе се засили и регионалната соработка, имајќи предвид дека овој проект ги вклучува и системите за медијација на Албанија и Косово.

***Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор (ДКАФ)*** ќе ја продолжи соработката во чии рамки ќе се спроведуваат едукативни настани посветени на вештачката интелигенција и нејзините примени, со цел унапредување на ефикасноста во правосудството и зголемување на свесноста за значењето на дигитализацијата во судскиот систем. Овие активности имаат за цел да придонесат кон современо и поефикасно функционирање на судството во согласност со актуелните трендови во развојот на информатичката технологија. Воедно, ДКАФ ќе го поддржи и публикувањето на Стратегијата на Академијата, чија подготовка започна во 2025 година.

## МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА И ДОГОВОРЕНИ АКТИВНОСТИ

***Академијата и Центарот за меѓународна правна соработка (CILC)*** со седиште во Хаг во Кралството Холандија во рамките на регионалниот Проект на Европската Унија „Поддршка од ЕУ за зајакнување на борбата против криумчарењето мигранти и трговијата со луѓе во Западен Балкан (EU4FAST)“ во ноември 2025 година потпиша меморандум за соработка. Целта на оваа соработка е развој и спроведување на мултидисциплинарни активности во рамките на проектот EU4FAST кои се во функција на зајакнување на владеењето на правото преку зацврстување на националните и институционални капацитети за борба против трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти, но без ограничување на овие области, при што соработката може да опфати и други теми и области од заеднички интерес за двете страни. Во текот на 2026 предвидена е заедничка организација на обуки, семинари, работилници, тркалезни маси, развој на едукативни модули, програми, прирачници како други заеднички активности од взаемен интерес.

***Академијата за судии и јавни обвинители и Уставниот суд*** на почетокот на 2026 година потпишаа меморандум за соработка со цел унапредување на меѓуинституционалната соработка, размена на знаења и искуства, како и зајакнување на професионалните капацитети во областа на уставното право и правосудниот систем. Со овој меморандум се овозможува учество на советниците на Уставниот суд на обуки кои ги организира Академијата, како и можност, судиите на Уставниот суд да се најдат во улога на предавачи во Академијата.

## БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ

Една од приоритетните инвестициски активности на Академијата е обезбедување адекватен деловен простор кој ќе ги задоволува потребите за непречено и ефикасно реализирање на програмите за обука, како почетна така и континуирана обука. Како до сега така и во наредниот период, Академијата ќе ги извршува своите финансиски и буџетски активности согласно со законските прописи од оваа област и целосно почитувајќи ги насоките дадени од Судскиот буџетски совет во поглед на реално планирање на потребните средства, како и ефикасно менаџирање со одобрените финансиски средства. На Академијата за судии и јавни обвинители за 2026 година ѝ е одобрен буџет од вкупно 116.757.000.00 денари. Во споредба со 2025 година, одобрениот буџет е помал за 16%.

Што се однесува до Планот за јавни набавки за 2026 година, истиот е донесен на седница на Управниот одбор, одржана на 26.01.2026 година. Предвидено е спроведување на вкупно 29 јавни набавки на стоки, услуги и работи. Повеќе информации за планираните јавни набавки за 2026 година, може да се погледнат на следниот линк: https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-annual-plan/783cede3-f769-4d9a-a455-b3df00d1f777/1 .

Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“
Претседател на Управен одбор
м-р Besnik Avdija